## Проток на информации и податоци за водење евиденција и известување за управување со отпад




Формата и содржината на обрасците за годишни извештаи и идентификационите и транспортни формулари се пропишани во:

Правилник за Формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Сл. Весник на Република Македонија бр. 07/06).

## Информации и податоци за увоз, извоз и транзит на отпад

Министерството за животна средина и просторно планирање ка крајот од месец јануари во тековната година, изготвува годишен извештај за видот и количината на отпадот кој е увезен, извезен и транзитирал во/од/низ Република македонија за претходната година.

Извезен отпад изразен во kg/ по глава на жител од Република Македонија изнесува 47,85 kg/по глава на жител за 2008 година.

Увезен отпад изразен во kg/ по глава на жител во Република Македонија изнесува 14,21 kg/ по глава на жител за 2008 година.

### Каде можете да најдете повеќе информации?

Во следните документи кои можете да ги најдете на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање:

- Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020) година (Сл. Весник на Република Македонија бр. 39/08)
- **Закон за животна средина** (Сл. Весник 53/05 и измените Сл. Весник на Република Македонија 81/05, 24/07, 159/08)
- **Закон за управување со отпад** (Сл. Весник 68/04 и измените Сл. Весник на Република Македонија 71/04, 107/07, 102/08 и 143/08)
- Националниот план за управување со отпад на Република Македонија 2008-2014
- Втор Национален еколошки акционен план на Република Македонија 2006

Контакт:

*Министерство за животна средина и просторно планирање*

*Македонски информативен центар за животна средина*

*Адреса: бул.Гоце Делчев бб, кат 11, 1000 Скопје, Република Македонија*

*Телефон/Факс: 3220-165*

*E-mail: info@moepp.gov.mk*

*http://www.moepp.gov.mk*

Министерство за животна средина и просторно планирање

# Организација на информативен систем за управување со отпад во Република Македонија





2009

Македонски информативен центар за животна средина

## Цели и задачи на Министерството за животна средина и просторно планирање

Основните цели и задачи на Министерството за животна средина и просторно планирање како национален орган на државна управа одговорен за прашањата од областа на животната средина во однос на управувањето со отпадот се:

- Планирање, усвојување и спроведување на законската регулатива
- Регистрирање, издавање на дозволи и лиценци
- Организација на ефикасен систем за управување со цврстиот отпад
- Мониторинг и организација на информативен систем за управување со отпад
- Инспекција

## Организација на информативен систем за управување со отпад

- Министерството за животна средина и просторно планирање организира информативен систем за управување со опасен отпад, како дел од севкупниот Македонски информативен систем за животна средина
- Општините и градот Скопје го организираат информативниот систем на локално ниво, со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за состојбата во врска со управување со неопасниот отпад
- Општините и градот Скопје се должни добиените податоци за состојбата во врска со управување со неопасниот отпад да ги достават до Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина




Протокот на информации и податоци во врска со управувањето со отпад од еден субјект до друг е означен со наведените стрелки :



## Содржина на информативниот систем

- Податоци од мониторингот на управувањето со отпадот од страна на државните и локалните мрежи
- Податоци од одделни извори на загадување на животната средина предизвикани од управувањето со отпадот
- Податоци од научните и стручните организации, од правните лица, како и од меѓународните институции кои ја следат состојбата со управувањето со отпад
- Податоци од Катастарот на загадувачите

## Доставени податоци за управување со отпад од поединечни општини до Министерството

